# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXIII



Скопје, октомври 2010 година

## С О Д Р Ж И Н А

2 страна
***Обраќање на Министерот Бајрами***

3, 4 и 5 страна
Конференција ***“Кон живеење во заедницата: актуелни состојби, идни предизвици”***

6 и 7 страна
***Реализирана програмата “Градот и попреченоста”***

8 страна
***Деловна способност***

9 и 10 страна
***Кампања на Интернационалната Инклузија***

10 страна
***Активности на ОН, Активности на ЕУ***

11 страна
***Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш***

12 и 13 страна
***Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје***

14 стана
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

15 страна
***Споделувајте ги искуствата со вашето дете***

16 страна
***Наша страница***

***“ПОРАКА”***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Октомври 2010 год. Број 3, год. XXIII**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@mt.net.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА***

# *Обраќање на Министерот Бајрами на конференцијата “Кон живеење во заедницата: актуелни состојби - идни предизвици”*



**Џељаљ Бајрами,**
*Министер за труд и социјална политика*

Почитувани присутни
Дами и господа

Ми претставува посебна чест и задоволство што можам да Ве поздравам во името на Владата на Република Македонија и во мое лично име и да Ви се заблагодарам што се одзвавте на поканата да учествувате на оваа Конференција, која што по прв пат сите заедно нé собира на едно место, во рамките на македонското претседавање 2010 со Советот на Европа.

Исто така, ја користам оваа прилика во името на Министерството за труд и социјална политика да Ви се заблагодарам на сите на учеството во организацијата на оваа Конференција и тоа пред се на претставниците на ЕАСПД, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, Здружението Отворете ги прозорците и Македонското Здружение за лица со аутизам, кои што во целост ова не можеа да го организираат без помош од Европската Комисија, Сојузното Министерство за труд, социјални работи и заштита на потрошувачите во амбасадите на Австрија во Загреб и во Скопје и на Советот на Европа.

Ги поздравувам претставниците на Високиот комесаријат за човекови права на ОН и Генералниот Директорат за социјална кохезија на Советот на Европа, како и сите учесници на оваа конференција претставници на Владата, органите на државната управа, научните институции, локалните самоуправи и здруженијата од граѓанскиот сектор кои што работат на заштитата на лицата со инвалидност во Република Македонија, и се надевам дека и во иднина ќе имаме ваква добра соработка и ќе се трудиме сите наши заеднички активности да бидат што повеќе успешни.

2010 година е прогласена за Европска година против сиромаштијата и социјалната исклученост и истата претставува идеален момент за обнова на нашите обврски во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост и на лицата со инвалидност. Во исто време, истата нé повикува да размислиме за одлуките кои што треба да ги донесеме за унапредување на правата на лицата со инвалидност согласно Акциониот план на Советот на Европа 2006-2015 и ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност.

“Европската година 2010” чија смисла е и промоција и освестување за проблемите на сиромаштијата и социјалната исклученост на лицата со инвалидност, како приоритет треба да го има остварувањето на правата на лицата со инвалидност кои што се погодени од сиромаштијата и социјалната исклученост да им се овозможи достоинствен живот и учество во општествениот живот и да се промовира заедничка и индивидуална одговорност во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост на овие лица поттикнувајќи го учеството на пошироката заедница, јавниот и приватниот сектор.

На оваа конференција ќе се расправа за системите за квалитет како алатка за олеснување на развојот на социјални сервисни служби во заедницата, тешкиот пат од институциите до живеење во заедницата, за процесот на деинституционализацијата на лицата со инвалидност, за трансформација на установите каде што престојуваат овие лица, за ширење на мрежата на социјалните услуги и социјалното планирање и презентација на една изградена рамка на вредности која што се однесува на обезбедување на достапност на услугите и пристапност на општеството за лицата со инвалидност.

На крај, би сакал сите Вас да Ве повикам активно да се вклучите во дискусиите за различните актуелни состојби од повеќе региони во Европа и да ги дадете своите предлози и коментари кои што ќе допринесат за успешност на оваа конференција и решавање на голем број на прашања кои што се однесуваат на подобрување на социјалните услови на лицата со инвалидност. Ви благодарам на вниманието и Ви посакувам успешна и плодна работа на оваа Конференција.

## Активности на ЕАСПД во партнерство со РЦПЛИП - ПОРАКА

# ЕВРОПСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## “Кон живеење во заедницата: актуелни состојби - идни предизвици”

***Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА беше ко-организатор на европската конференција на ЕАСПД, која се одржа во периодот 7-9 Октомври 2010 во Скопје, на тема “Кон живеење во заедницата: актуелни состојби - идни предизвици”. Конференцијата е едно од најважните случувања од таков тип во изминатата деценија во Република Македонија.***

“**КОН ЖИВЕЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА: актуелни состојби – идни предизвици**”е мотото под кое во Скопје, на 7-ми и 8-ми октомври 2010 година, се одржа Европска конференција, организирана од ЕАСПД, РЦПЛИП – ПОРАКА, Отворете ги прозорците и Македонско научно здружение за аутизам. На конференцијата учествуваа над 200 учесници, претставници од невладини организации, обезбедувачи на сервисни служби, лица со попреченост и членови на нивните семејства, владини и образовни институции од цела Европа.

Целта за одржување на оваа конференција беше градење мостови од знаења и добри практики за подобрување на социјалните услови на лицата со попреченост, како и да се олесни целосното вклучување на лицата со попреченост во општеството, во духот на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Програмата на конференцијата беше поделена во два дела. Првиот дел беа пленарните сесии кои вкупно, во двата дена, беа шест, а вториот дел беа работилниците кои во двата дена опфатија голем број различни теми.

Првиот работен ден од конференцијата започна со официјално отворање кога свои обраќања имаа д-р Василка Димоска, Програм Менаџер во РЦПЛИП – ПОРАКА, која воедно и претседаваше со отворањето. Понатаму, на учесниците им се обратија Министерот за труд и социјална политика на РМ, г-дин Џељаљ Бајрами, г-дин Jan Jarab, регионален претставник за Европа од Високиот комесаријат за човекови права на ОН, г-динот



Helmut Heinen, Претседавач на Европскиот координативен форум за Акциониот план за попреченост 2006 – 2015 на Советот на Европа, г-динот Gero Stuller, аташе за социјални политики во амбасадите на Австрија во Загреб и Скопје, и г-дин Franz Wolfmayer, претседател на ЕАСПД. Работниот дел од првиот ден беше фокусиран на системите за квалитет кои служат како алатка за олеснување на развојот на социјалните сервисни служби во заедницата. На првата пленарна сесија се говореше за тешкиот пат на лицата со попреченост од институциите до животот во заедницата. Втората пленарна сесија со која заседаваше претседателот на ЕАСПД, отвори интересна дебата за системите за квалитет и како тие ги зајакнуваат специјализираните социјални сервисни служби за лицата со попреченост.





## Европска конференција во Република Македонија

Попладневниот дел од првиот работен дел беше наменет за работилниците во кои учесниците имаа можност да разменат искуства и практики од нивните земји. Првата работилница на тема деинституционализација потврди дека лицата со попреченост имаат еднакви права да живеат во заедницата, да избираат како и сите други, но дека е потребно и да се преземат соодветни мерки за лицата со попреченост да можат во целост да ги практикуваат своите права за целосно вклучување во заедницата. На втората работилница се разговараше за системите за квалитет. Главната нишка која провејуваше низ сите дискусии беше дека услугите што им се обезбедуваат на лицата со попреченост треба да им овозможат да остварат и да одржат максимална самостојност, целосно физичко, ментално, социјално и професионално оспособување и целосна вклученост во сите аспекти на животот. Следната работилница се однесуваше на обуката на професионалците и персоналот кој работи со лицата со попреченост. Во духот на Конвенцијата на ОН и тука учесниците се согласија дека треба да се промовира обука на персоналот кој работи со лицата со попреченост во однос на правата кои ги имаат лицата со попреченост, но и правата признаени во Конвенцијата на ОН, со цел тие успешно да се практикуваат. На четвртата работилница се дискутираше за вклученоста на лицата со попреченост во процесот на донесување одлуки за политиките и програмите кои директно се однесуваат на нив. Сите учесници се сложија дека тоа се процеси што навистина треба да се применуваат доколку искрено сакаме да говориме за вклучување на лицата со попреченост во општеството. На следната работилница која се однесуваше на вмрежувањето, овој процес се разгледуваше како заеднички предизвик за сервисните служби за лицата со попреченост. Се смета дека тоа е клучот со кој ќе им се овозможи да ги застапуваат нивните специфични потреби и потешкотии со цел да се постигне капацитетот за обезбедување на сервисни служби кои се во согласност со Конвенцијата на ОН. Третата пленарна сесија беше последна за првиот работен ден, на која се презентираа заклучоците од секоја од работилниците.

Вториот работен ден од конференцијата се однесуваше на обезбедувањето достапност на сервисните служби, како и пристапноста на општеството воопшто.



Во таа насока, четвртата пленарна сесија се однесуваше на достапноста на сервисните служби за лицата со попреченост низ цела Европа. Дискусиите водеа во насока дека потребни се широк спектар на сервисни служби за лицата со попреченост кои ќе ги оспособуваат и зајакнуваат овие лица со цел да стекнат контрола врз сопствените животи и дека е потребно да се соработува со сите чинители во општеството. Петата пленарна сесија овозможи дебата за постигнување на пристапност, со посебен осврт на е-пристапноста во општеството. Во попладневниот дел повторно следеа работилниците, а првата од нив се однесуваше на пристапноста на информациите и на општеството. Учесниците се согласија дека лицата со попреченост треба да имаат пристап до физичката средина, транспортот, информациите односно до сите сервисни служби на еднаква основа со другите, а кои се отворени и ставени на располагање на јавноста, како во урбаните така и во руралните средини. Фокусот на втората работилница беше образованието за лицата со попреченост. Тука се истакна дека е потребно да се признае правото на образование на лицата со попреченост со цел да се постигне целосен развој на потенцијалот на секој поединец без дискриминација и врз основа на еднакви можности, и дека ќе се обезбеди вклучен систем на образование за овие лица на сите нивоа. Следната работилница се однесуваше на вработувањето на лицата со попреченост. Дискусиите одеа во насока дека на лицата со попреченост треба да им се признае правото да работат на еднаква основа со другите. Тоа опфаќа право на можност да заработуваат за живот





## “Кон живеење во заедницата: актуелни состојби - идни предизвици”





преку слободен избор на работа или прифатена на пазарот на трудот и работна средина која е отворена, вклучена и пристапна за лицата со попреченост. Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост ја потенцира потребата државите да преземат или промовираат истражување и развој на универзално дизајнирани производи, сервисни служби, опрема и капацитети. Токму затоа, во една од работилниците се говореше за универзалниот дизајн. Во дискусиите преовладуваше мислењето дека за тоа е потребно минимално можно прилагодување и минимални трошоци, а се задоволуваат специфичните потреби на лицето со попреченост. Петтата работилница на вториот работен ден се однесуваше на е-вклученоста на лицата со попреченост, односно се разговараше дека на лицата со попреченост треба да им биде овозможена достапноста и употребата на нови технологии, вклучително и информатички и комуникациски технологии, помагала за движење, уреди и помошна технологија. Работниот дел од европската конференција заврши со шестата пленарна сесија на која учесниците уште еднаш имаа можност да разменат мислења и да споделат искуства со цел да се оформат заклучоците од Конференцијата.

Конференцијата беше поддржана од Програмата ПРОГРЕС на Европската комисија, Генерален директорат за вработување и социјални работи, а потпомогната од страна на Град Скопје, потоа Советот на Европа, Аташето за социјални политики во амбасадите на Австрија во Загреб и Скопје, Сојузното министерство за труд, социјални работи и заштита на потрошувачите на Австрија, Програмата “Европа за граѓани” на Генералниот директорат за образование и култура при Европската комисија и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

## Наградата за животно дело на ЕАСПД доделена на г-ѓа Виолета Димоска, Генерален секретар на РЦПЛИП - ПОРАКА

***Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост – ЕАСПД секоја втора година доделува Европска награда за животно дело на истакнати активисти во полето на попреченоста. Оваа година Европската награда за животно дело беше доделена на г-ѓа Виолета Димоска, Генерален секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА, за нејзиниот професионален и личен ангажман за унапредувањето на правата на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија. Наградата беше врачена од страна на претседателот на ЕАСПД, г-н Franz Wolfmayer, на официјалната конференциска вечера на 7.10.2010 година во Скопје, во рамките на конференција “Кон живеење во заедницата: актуелни состојби - идни предизвици”.***





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во Куманово, Виница и Охрид

# УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА “ГРАДОТ И ПОПРЕЧЕНОСТА”

Со тековната реформа на децентрализација, локалните самоуправи добија многу одговорна улога во процесот на унапредувањето на состојбата во која се наоѓаат ранливите групи граѓани, вклучително и лицата со попреченост. Одлуките што ги донесуваат локалните самоуправи влијаат врз секојдневниот живот на лицата со попреченост. Поради тоа, од големо значење е локалните власти, при планирањето на политиките и донесувањето на одлуките, да ги вклучуваат и аспектите на попреченоста, т.е. да согледаат како секоја одлука ќе влијае врз животот на лицата со попреченост.

Имајќи го ова предвид, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во периодот септември 2009 – септември 2010 година, реализираше конкретна акција за развивање локални акциони планови за попреченост во три општини во Република Македонија: Куманово, Охрид и Виница.

Локалните акциони планови за попреченост претставуваат инструменти за развој и за имплементирање на конкретните чекори што водат кон унапредувањето на состојбата на лицата со попреченост на локално ниво. Тоа се стратегиски документи, составени од идентификуваните потреби на лицата со попреченост во трите општини, од утврдените цели и приоритети, како и акции што се прифатени од страна на локалните власти и од организациите на лицата со попреченост.

Локалните акциони планови се насочени кон унапредувањето на квалитетот на животот на лицата со попреченост, тие опфаќаат прашања кои се од најголемо значење за нив и предлагаат акции кои се во согласност со ресурсите на локалната заедница.

Процесот на креирање на локалните акциони планови во трите општини се темелеше на принципот на партиципативност, а активностите беа поделени во неколку фази, секоја со одредена цел и со очекуван резултат.

Првата и втората фаза од програмата „Градот и попреченоста” опфатија подготвителни активности за




нејзино спроведување, состаноци со градоначалниците на трите општини, создавање на Работни групи за креирање на локалниот акционен план и потпишување Меморандум за соработка во реализацијата на целата програма со општините и со вклучените локални институции и организации на лица со попреченост.

Третата фаза од реализацијата на предвидените активности опфати обука на работните групи за изготвување на локалниот акционен план, преку три семинари за обука. Преку обуките, членовите на работните групи се стекнаа со знаења од повеќе области поврзани со правата на лицата со попреченост, вклучувајќи:

- Локален акционен план, како инструмент за изедначување на можностите за лицата со попреченост,
- Основни концепти (дефиниции, медицински и социјален модел, човекови права и сервисни служби),
- Меѓународни и домашни правни инструменти, законски рамки, стратегии, состојби и системи за грижа и заштита на лицата со попреченост,
- „АГЕНДА 22" – инструмент за креирање локални акциони планови и искуства од други земји,


Локална промоција во Куманово


Локална промоција во Охрид

## *“Градот и попреченоста - креирање на локални акциони плаонви за попреченост”*







- Социјални сервисни служби и регулаторни механизми,
- Децентрализација и форми на соработка на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор,
- Идентификување на потребите и ресурсите во локалната заедница,
- Раководење со проектните циклуси и односот со медиумите.

Во четвртата фаза на Програмата беа одржани по три работилници, при што членовите на работните групи работеа директно врз креирањето на локалните акциони планови. Локалните акциони планови беа разработувани во согласност со меѓународниот документ „Агенда 22", и принципите зацртани во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. На работилниците беа разгледувани приоритетите и потребите на лицата со попреченост, првенствено во областите што се под надлежност на локалните самоуправи, но исто така и во областите што се уште не се децентрализирани, но за кои локалните заедници можат да придонесат со свои акции и со лобирање кај централната власт. При разработката на локалните акциони планови, членовите на работните групи дадоа придонес во оформувањето на приоритетите и активностите. Притоа, се водеше сметка предложените активности во локалните акциони планови да бидат реални и изводливи, во согласност со ресурсите на локалната заедница. За секоја поединечна активност беа дефинирани нејзината цел и задача, одговорната институција за спроведување, временската рамка и изворот на финансирање.

Во петтата фаза на Програмата беа организирани презентации со јавна дебата за локалните акциони планови со советниците од Советите на трите општини и со претставниците на локалните институции и организации, каде беше добиен позитивен фидбек и конструктивни забелешки во однос на предложените стратегиски документи. Во завршната фаза на Програмата беа организирани финални работилници на кои се доуточнија текстовите на Предлог-локалните акциони планови, а на членовите на работните групи им беа доделени сертификати за учеството и нивниот придонес во остварувањето на целата програма.

Како резултат на спроведните фази, Советите на трите општини едногласно ги усвоија локалните акциони планови за унапредување на положбата на лицата со попреченост, како свои официјални стратегиски документи за развој. По усвојувањето, локалните акциони планови беа испечатени и промовирани на локално ниво.

Како финална активност во Програмата, РЦПЛИП – ПОРАКА и Хендикеп Интернационал – Југоисточна Европа на 14-ти Септември 2010 г. во хотел “Холидеј Ин” – Скопје одржаа Национална промоција на Локалните акциони планови за унапредување на положбата на лицата со попреченост во општините Куманово, Охрид и Виница.


*Локална промоција во Виница*


*Национална промоција во Скопје*

***Документ за позиција на Inclusion International***

# Деловна способност за сите лица со интелектуална попреченост

Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост признава:

- **Дека лицата со попреченост имаат право да бидат насекаде признаени како лица пред законот**
- **Дека лицата со попреченост уживаат во деловната способност на еднаква основа со другите во сите аспекти од животот**
- **Дека државите потписнички ќе преземаат соодветни мерки за да обезбедат пристап до поддршка која може да им е потребна на лицата со попреченост при практикување на нивната деловна способност.**

## Историјат

За лицата со интелектуална попреченост самоопределувањето и целосното државјанство се основните начела кои лежат во основа на потенцијалното практикување на човековите права. Пресумпцијата за деловна способност е таа која овозможува практикување на самоопределувањето и целосното државјанство.
Законите за старателство претпоставуваат дека некои лица не се способни да носат законско обврзувачки одлуки, па поради тоа обезбедуваат одредби за заменско донесување одлуки.

Поддржано донесување одлуки подразбира дека едно лице може да прифати помош при донесување одлука без да се одрекне од правото да носи одлуки. Поддржаното донесување одлуки му помага на лицето да ги разбере информациите и да носи одлуки врз основа на неговите или нејзините преференци. Лице со интелектуална попреченост може да има потреба од помош при читање или може да има потреба од поддршка при фокусирање на вниманието за да донесе одлука. Лице кое нема вербална комуникација може да има лице од доверба или лица кои ги преведуваат неговите невербални комуникации, како позитивни или негативни физички реакции или користи алтернативна комуникација.

## Позиција

Интернационалната Инклузија бара да му се признае правото на секое лице со интелектуална попреченост дека има право да носи одлуки и да ја добива потребната поддршка за носење одлуки.

Правото на деловна способност ја опфаќа способноста да се имаат права и способноста да се делува врз основа на тие права, односно способност да се прават законски договори со други. Способноста да се делува не е само дел од деловната способност гарантирана во член 12, тоа е најважниот дел: правото да се носат одлуки. Следново обезбедува некои преклопувачки принципи и клучни елементи кои ќе им помогнат на членовите на Интернационалната Инклузија во нивната работа за поддршка на развојот на модели за поддржано донесување одлуки и во нивната работа со нивните влади за унапредување на имплементацијата на член 12.

- **Член 12 мора да се имплементира како дел од целата Конвенција. Другите членови од Конвенцијата влијаат врз правото да се практикува деловната способност**
- **Сите лица имаат волја, која со соодветна поддршка може да се забележи**
- **Правото на поддршка е потребно за практикување на деловната способност**
- **Да се има поддршка не ја негира полната деловна способност на лицето**
- **Другите странки имаат обврска да се прилагодат (доктори, адвокати, банкари, договарачи итн)**
- **Соодветни мерки подразбира дека поддршките може да бидат во различни форми, како неформални така и формални и тие мора да се кроени според состојбите на лицето.**
- **Претпоставка е дека сите лица можат самостојно да ја практикуваат деловната способност**
- **Доколку способноста да се делува самостојно е предизвикана во контекст на правни врски и договори тогаш тестовите што би се примениле на еднаква основа со другите треба да бидат неутрални за попреченост. Било кој тест би прашал дали поддршката и прилагодувањата се соодветни и дали се исполнети одговорностите од другите странки.**

Во ситуации каде мерките за поддржано донесување одлуки се уште не се воспоставени, а и правото на лицето да ја практикува својата деловна способност не се реализира, државите мора да преземат мерки за развој и воспоставување на поддршки за зајакнување на капацитетите на заедниците за да ги оспособуваат лицата да носат одлуки во нивните животи.

Онаму каде во моментот постои заменско донесување одлуки, може да е потребно време за реформирање на законите, политиките и практиките со цел тие да се усогласат со член 12 и да се имплементира поддржано донесување одлуки. **Треба да се преземат директни чекори за реформи во законите и одредбите за да се ограничи заменското донесување одлуки, вклучувајќи:**

- **Заштитните механизми ќе осигураат дека преземените мерки ги почитуваат правата, волјата и преференците на лицата**
- **Прифаќање дека сите лица имаат деловна способност**
- **Сите демонстрирани чекори да обезбедат поддршка**
- **Најмалку ограничувачки кон лицата**
- **Направени само за специфични работи и за таа одлука/ момент**
- **Без конфликт на интереси**
- **Се применуваат за најкратко можно време**
- **Разлика помеѓу видовите на одлуки (финансиски/ лични) и процесите на донесување одлуки**
- **Одредба за укинување на неспособноста и процедура за обезбедување поддршка во практикување на деловната способност.**

**Активности на Inclusion International**

# Кампања на Интернационалната Инклузија за членот 19: Живеење во заедницата

## Историјат

За лицата кои имаат интелектуална попреченост и нивните семејства, едно од најважните права дадени во Конвенцијата за правата на лица со попреченост (КПЛП) е правото да се живее самостојно и да се добива поддршка во заедницата (член 19). Многу често, лицата кои имаат интелектуална попреченост биле лишувани од нивната слобода и биле спречувани да прават било какви избори во нивните животи бидејќи биле затворани во институции. Често се ставал огромен притисок на семејствата на лицата со попреченост кои се соочувале со големи предизвици за да ги задоволат потребите на нивните семејни членови со попреченост. Во многу случаи, институциите биле единствените опции што се овозможувале.

Со цел лицата со интелектуална попреченост да бидат во можност да ги практикуваат сите други права заштитени со КПЛП, тие и нивните семејства треба да имаат широк опсег на сервисни служби и поддршка. Во некои земји, постои потреба од затворање на институциите и обезбедување на поддршка за лицата кои живеат во заедницата. Во други земји,каде институциите не се толку распространети, постои потреба од развивање на целосен опсег од поддршки и сервисни служби кои ја почитуваат КПЛП.

Интернационалната Инклузија, заедно со нејзините организации членки во преку 115 земји, започнува со кампања за промовирање на член 19 од КПЛП, живеење во заедницата. Членот 19 осигурува дека лицата со попреченост имаат право да живеат во заедницата со поддршката што им е потребна, со еднаков пристап до сервисни служби во заедницата како што се: образование, здравствена грижа, транспорт итн. Оваа заложба има значајни импликации за владите, заедниците и обезбедувачите на сервисни служби. Таа бара заеднички да се осврнеме кон актуелната реалност на животите на лицата со попреченост кои живеат во ситуации на изолација, сегрегација, затв0рање и зависност, без разлика дали е во институција или во “институционализирани” животни услови.

## Дефинирање на “институција”

Некои членови на Интернационалната Инклузија, вклучително и Европската Инклузија и канадската асоцијација за живеење во заедницата, како и други групи ја усвоиле следната дефиниција за институција: **“Институција е било кое место каде лицата кои се етикетирани дека имаат интелектуална попреченост се изолирани, сегрегирани и/или собрани на едно место. Институција е било кое место каде лицата немаат или не им е дозволено да имаат контрола врз сопствениот живот и врз секојдневните одлуки. Институциите не се дефинирани само според нивната големина.”**

Оваа дефиниција помага во илустрирањето дека искуството на институционализација не е поврзано само



со локација, туку и со животни услови. Таа овозможува основа за размислување за она што членот 19 од КПЛП е наменето да го опфати.

## Цели на кампањата 19

- Унапредување на свеста за изолација, сегрегација, затворање и ранливост со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост, кои се исклучени од нивните заедници без разлика дали во институции или во “институционализирани” животни услови;
- Споделување на искуства и градење на разбирање за неопходните елементи на *вклучување во заедницата и живеење во заедницата*; и
- Споделување на стратегии за национални и меѓународни иницијативи кои ги придвижуваат лицата од “институционализирано живеење” кон вклученост во заедницата.

## План за акција

За време на кампањата која ќе трае две години, Интернационалната Инклузија ќе:

- **Спроведе регионални работилници во секој од своите пет региони за да се идентификува и подигне свесноста за прашањата што влијаат врз социјалното, економското и политичкото исклучување на лицата со интелектуална попреченост од нивните заедници;**
- **Ги поддржува иницијативите на национално ниво за унапредување на живеењето во заедницата;**
- **Собира и споделува информации за актуелното исклучување, изолација и институционализација на лицата со интелектуална попреченост;**
- **Собира и споделува информации и стратегии во однос на исклучувањето и градењето на инклузивни заедници**
- **Развива глобален извештај за актуелната ситуација на лицата со интелектуална попреченост и стратегиите што се користат за унапредување и градење на инклузивни заедници;**
- **Биде домаќин заедно со АРК од САД на меѓународна конференција за правото да се живее во заедница во ноември 2012 год. (Вашингтон).**

**Учество**
Поединци, семејства и организации можат да придонесат во оваа кампања на многу начини:

- Споделување информации и истражувања
- Споделување приказни и искуства
- Учество на регионални и он-лајн форуми
- Учество на меѓународна конференција за правото да се живее во заедницата, ноември 2012 година (Вашингтон).

Членот 19: Самостојно живеење и вклученост во заедницата од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост вели:
“Државите потписнички на оваа Конвенција го признаваат еднаквото право на сите лица со попреченост да живеат во заедницата, со еднаков избор како и за другите, и ќе преземаат ефективни и соодветни мерки за да го олеснат целосното уживање на ова право од страна на лицата со попреченост и нивно целосно вклучување и учество во заедениците, обезбедувајќи дека:
(а) Лицата со попреченост имаат можност да го избираат своето место на живеење и каде и со кого ќе живеат, на еднаква основа со другите и не се обврзани да живеат според одредени организирани услови на живеење;
(б) Лицата со попреченост имаат пристап до широк спектар на домашни, резидентни и други сервисни служби за поддршка во заедницата, вклучувајќи лична помош која е неопходна за поддршка во секојдневното живеење и вклучување во заедницата, и да се спречи изолација или сегрегација од заедницата;
(в) Сервисните служби и капацитетите за општата популација се достапни за лицата со попреченост на еднаква основа и се соодветни на нивните потреби.

## *Активности на Обединети нации*

# *Третата сесија на Конференцијата на земји потписнички на Конвенцијата за правата на лица со попреченост*

Конвенцијата за правата на лица со попреченост беше усвоена од страна на Генералното собрание во својата резолуција 61/106 од 13 декември 2006 год. Членот 40 од Конвенцијата вели дека: “Државите потписнички редовно ќе се состануваат на конференција на држави потписнички со цел разгледување на сите прашања во однос на имплементацијата на оваа Конвенција.”

Третата сесија на Конференцијата на државите потписнички на Конвенцијата за правата на лица со попреченост беше одржана од 1 – 3 септември 2010 година во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.

Оваа сесија, под темата: “Вклучување на лицата со попреченост преку имплементацијата на Конвенцијата за правата на лица со попреченост”, започна со избор на членови во Комитетот за правата на лица со попреченост и опфати суштински дискусии на различни тркалезни маси и интерактивна неформална сесија со граѓанскиот сектор.

Изборите на членовите во Комитетот се одржаа во согласност со членот 34 од Конвенцијата. Бидејќи вкупниот број на ратификации ја надмина бројката 80, членството во Комитетот се зголеми за шест, до вкупно 18 члена. Се одржаа дополнителни избори за шесте члена чиј мандат истекува во 2010 година.

## *Активности на Европската унија*

# *Европа ќе го награди својот најпристапен град*

**Изградбата и размислувањето за пристапни градови за сите го подобрува животот на лицата со попреченост. Европската комисија само што ја лансираше Наградата за пристапен град, со цел да го награди најпристапниот град во Европа. Пред да проверите дали вашиот град е навистина пристапен, важно е да се разбере зошто пристапноста е потребна за секого.**

Наградната церемонија ќе се одржи во Брисел за време на Меѓународниот ден на лицата со попреченост на 3-ти декември 2010 год., организирана во соработка со Европскиот форум за попреченост. Врз основа на оригиналната идеја на движењето за попреченост, овој проект е вистински чекор напред во унапредувањето на пристапноста на општеството за граѓаните со попреченост.

Земајќи ја предвид потребата на лицата со попреченост, општеството го поттикнува еднаквиот пристап за секој и избегнува дополнителна дискриминација.

**Дали Вашиот град е пристапен?**

Градот победник ќе биде динамичен и пристапен за сите, обезбедувајќи слобода и избор за жителите и посетителите на сите нивоа на способност и мобилност. Наградата ќе биде доделена на градови кои:

- Имаат **видливо подобрена пристапност во основни аспекти на градското живеење**;
- Се посветени на **тековни и амбициозни цели за понатамошни унапредувања на пристапноста**;
- Можат **да делуваат како пример** за да инспирираат други градови и да промовираат најдобри практики за сите други европски градови.

Апликациите од секоја земја ќе ги разгледува европско и национално жири составено од претставници на организации на лица со попреченост и експерти за пристапност. Движењето за попреченост се надева дека оваа европска награда за пристапни градови ќе придонесе за отстранување на пречките со кои секојдневно се соочуваат 65 милиони Европејци.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

# Корисниците на дневниот центар ПОРАКА Радовиш на хуманитарен концерт во спортската сала

Во спортската сала “25 Мај” во Радовиш се одржа хуманитарен концерт на фолклорниот ансамбл “Китка” од село Ораовица насловен како “Ѕвездите од Македонија”, со цел за собирање финансиски средства за доизградба на спортска сала и обезбедување на народни носии за играорците.

Членови на Организациониот одбор и дел од учесниците на овој концерт од нашиот град, го посетија дневниот центар за да им доделат бесплатни билети на корисниците и по една маичка со натпис од овој концерт.

Од нивниот гест, видно и бескрајно беа изненадени корисниците на дневниот центар кои се големи љубители на народната и забавната музика. Со обезбедување на посебно место во салата за следење на концертот, корисниците имаа можност поблиску да се запознаат со голем број на познати естрадни уметници од нашата земја, а воедно, по обострана желба и да се фотографираат со дел од нив како знак на спомен. Во пријатна атмосфера поминавме прекрасни моменти збогатени со нови искуства вредни за паметење.





# Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш во посета на Крушево

Желбата на корисниците на дневниот центар да го посетат Крушево, родниот град на нашата најголема музичка легенда Тоше Проески, беше конечно исполнета. Како и многу пати досега, во исполнувањето на желбите и потребите на корисниците ни помогна заменик генералниот директор на рудникот “Бучим” г-дин Николајчо Николов, во соработка со директорот на “Исхрана – Бучим”, г-дин Драган од Скопје.

Иако временските услови не ни беа наклонети – врнежливо и магливо време – сепак, тоа не ѝ спречи, корисниците заедно со нивните родители, уште во раните утрински часови да се упатат кон оваа дестинација.

Најнапред го посетивме местото во кое Тоше го наоѓаше својот спокој и душевен мир, манастирот “Св.Преображение” кој се уште е во изградба.Тука имавме можност да запалиме свеќи, а во конаците да ја видиме собата на Тоше исполнета со голем број на негови слики и предмети со неговиот лик од безброј обожаватели.

Го посетивме и вечниот дом и почивалиште на музичката ѕвезда “нашиот Тоше” оставајќи напишани пораки излезени од душата на секој од нас за тоа како ни недостасува ликот на Тоше, бескрајно жалење што не е со нас, но секогаш ќе живее и ќе е присутен преку неговите песни кои им се омилени на корисниците на дневниот центар.






## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Активности со ОУ “11 Октомври” - Скопје

По повод чествувањето на големиот државен празник “11 Октомври”, на 14.10.2010год (четврток) одржана беше средба помеѓу ученици од седмо одделение при ОУ “11 Октомври” и корисници од Дневниот центар - ПОРАКА Скопје. При оваа социјална активност,корисниците од дневниот центар ги добија сите сознанија за денот “11-ти Октомври” - како ден на Народната востаничка буна, која започнува со прочуените први пушки во Прилеп и Куманово. Интеракцијата помеѓу учениците и лицата од Дневниот центар се одвиваше преку заедничко боење на грбот и знамето на Р.Македонија.

Голема благодарност упатуваме до ОУ “11 Октомври” поради укажаната почит, соработка, гостопримството, нивната поддршка и помош при реализирањето на оваа активност.





# Активности на базен



Како и минатата година, впрочем и многу години наназад корисниците на дневниот центар ПОРАКА - Скопје ги користат можностите за рекреирање, забавување и разладување на отворениот базен “Бисер”. Благодарејќи на сопственикот на овој базен можевме да ги увидиме можностите на секој од присутните корисници за однесување во отворена водена површина и да дојдеме до констатации дека овој начин на рекреација и релаксација е повеќе од потребен за секого.

Така оваа година во текот на летниот период повторно благодарејќи на разбирањето на сопственикот на базенот корисниците на услугите од дневниот центар придружувани од стручните лица започнаа со посета на базенот еднаш неделно. Никогаш не поминува радоста кога ќе се влезе во вода и ќе се разладува во топлите летни денови. Но, и покрај тоа некој од корисниците веќе го надминуваат стравот кој го имаат од влегувањето во отворени водени површини, а некој се здобиваат со елементарни познавања за оддржување во вода. Пред се сите се забавувавме и рекреиравме, а соработката со базенот ја продлабочивме. По којзнае којпат, упатуваме голема благодарност до Базенот “Бисер”.





## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Градска плажа, одбојка на песок и возење велосипед по кејот на реката Вардар



По повод отворањето на новата градска плажа на кејот на реката Вардар и промовирањето на возењето велосипед, корисниците на дневниот центар ПОРАКА - Скопје зедоа активно учество во низа активности.

Имено дел од корисниците, оние кои умеат, возеа изнајмен велосипед од градот Скопје по велосипедската патека покрај кејот на реката Вардар до градската плажа. Другиот дел имаа можност да се одморат од летните горештини на лежалките и масите во околните кафулиња и да се освежат.

Во рамки на продолжување на соработката која ја имаме воспоставено со градот Скопје произлезе уште една активност која се одвиваше еднаш неделно во текот на месеците август, септември и октомври. Односно, тоа во почетокот беше користење на теренот за одбојка на песок, за потоа да прерасне во организирана активност за запознавање со основите на одбојката.

За оваа цел градот Скопје обезбеди стручно лице професор од Факултетот за физичка култура кој направи адаптирана програма за работа со лица со попреченост при што постепено ги воведуваше во основите на одбојката. Оваа активност на штета на сите нас поради временските услови прекина, но се надеваме на продолжување кога времето ќе се подобри, или доколку во меѓувреме Градот Скопје обезбеди термин во некоја спортска сала.





# Кошаркарски натпревар на репрезентација на Македонија

Со цел да бидеме дел од настаните во нашето опкружување корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје го посетија Европското првенство од Б-дивизијата за девојки (кадети), кое се одржуваше во Република Македонија. Неколку корисници имаа можност да бидат дел од ова првенство и да го проследат натпреварот помеѓу Македонија - Украина. Секогаш е голема чест да се биде дел од  вакви настани, да се осети атмосферата на еден натпревар и секако најважно од се, да се даде поддршка на својата земја.





**Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА**

## Посета на манастирот Пресвета Богородица Елеуса



На 24.06.2010 година, членовите на Социјалниот клуб при ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, заедно со своите родители и волонтери го посетија манастирот на Пресвета Богородица Елеуса.

Целта на оваа организирана посета беше запознавање со манастирот, како наше културно-историско наследство и прошетка низ зелените патеки околу самиот манастир. Имавме можност да го разгледаме манастирот, неговата внатрешност – икони, иконостаси, градбата и да се запознаеме со неговата историја. Сите заедно запаливме свеќи, се прошетавме, се сликавме, се дружевме, подготвивме мал одмор и ужинка и подоцна се вративме дома.

Оваа активност беше реализирана под покровителство на градоначалникот на општина Струмица, г-дин Зоран Заев, и општина Струмица.

## Посета на Дојранско езеро

На 18.07.2010 година, членовите на Социјалниот клуб од ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, родителите и волонтерите, организиравме и спроведовме еднодневна прошетка до Дојран и Дојранското езеро.

Целта на оваа активност беше рекреирање, забавување, дружење и разладување на членовите во водите на Дојранското езеро. Децата беа радосни кога се капеа, кога си играа на песокот, лежеа под сончевите зраци и ладовини од големите јавори, во присуство на нивните родители и волонтери, а беше организиран заеднички ручек. На крајот од денот задоволни се вративме во Струмица.

Оваа активност беше спроведена под покровителство на градоначалникот на општина Струмица, г-дин Зоран Заев, и општина Струмица.

## Посета на излетничкиот локалитет Пониква



На 20 километри од Кочани, во прегратките на Осоговските планини се наоѓа излетничкиот локалитет Пониква. Дел од членовите на ЦПЛИП ПОРАКА- Штип, го посетија овој локалитет на 25.09.2010 год. со цел запознавање со убавините во Македонија како и другарување.

Магловитото и врнежливо време, не ги спречи лицата со интелектуална попреченост да прошетаат по падините на овој локалитет богат со убавини што само природата може да ги даде.

## Посета на Специјалниот завод - Демир Капија

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Виница, во согласност со својата Програма за работа за 2010 година, на 17.06.2010 година организираше посета на Специјалниот Завод - Демир Капија. Оваа посета беше наменета за членовите на работната група која го изготвуваше локалниот акционен план за попреченост во општина Виница, заради нивно запознавање со условите во кои живеат штитениците во Специјалниот Завод - Демир Капија.

Дел од учесниците во посетата за прв пат имаа можност да видат какви се состојбите во институција од голем резиденциски карактер. Кај нив сликата која ја затекнаа остави длабок впечаток дека ваквиот тип на сместување и згрижување е под минималните стандарди за достоинствен живот и не е соодветен за лица со интелектуална попреченост, а за подобрување потребно е многу работа и залагање од страна на државата. Кај членовите на работната група од Виница, посетата придонесе да се зацврсти нивната определеност за овозможување на услови за превенција од институционализација и сервисни служби во местото на живеење како алтернатива на сместувањето во Специјалниот Завод - Демир Капија.

*Преземен текст “24 часа здравје” од 30-ти август 2010 година*

# СПОДЕЛУВАЈТЕ ГИ ИСКУСТВАТА СО ВАШЕТО ДЕТЕ

**Не мора секогаш да се согласувате со некоја постапка или мислење на детето само затоа што сакате тоа и понатаму да ви се доверува. Напротив. Ваша обврска е секогаш да го кажувате своето мислење, т.е. она што вие верувате дека е исправно, но на начин кој не го повредува детето, не го омаловажува и не го потценува.**

Комуникацијата со детето претставува отворена врата. Детето често ќе ве повикува на разговор (понекогаш тоа може да биде и отворен повик за помош), но прашање е дали ќе умеете да го препознаете тој повик, да го слушнете и на него соодветно да одговорите. Од вас зависи дали вратата на вашата меѓусебна комуникација постојано ќе ја држите отворена или барем подотворена за детето да знае дека нема да го осудите, туку дека ќе се обидете да го разберете, дури и кога не се согласувате со него. Комуникацијата е начин да го разберете вашето дете и да имате поголем удел во неговиот живот. Тоа е начин да го запознаете низ сите фази на растењето, да ги поделите со него неговите проблеми и дилеми, да му овозможите чувство дека во вас може да ја има потребната поддршка и безбедност.

Добрата комуникација со своето дете е основата врз која ќе го градите вашиот трајно добар однос. Од друга страна, ако не умеете добро да комуницирате, детето постепено ќе ја изгуби не само надежта дека во вас може да има добар соговорник и партнер во текот на растењето туку и трајно ќе ги загубите односите на доверба и влијанието во неговиот живот. Така, таа подотворена врата на комуникација постепено ќе се затвори, а во многу случаи и засекогаш.

**Некои од основните закони за добра комуникација се:**

## Според возраста

Веќе на тригодишна возраст на детето може да му кажувате „големи” животни тајни. На оваа возраст тоа може да разбере не само како се раѓаат децата, дали постои господ, што се случува кога некој ќе умре, туку и сите оние секојдневни појави кои му се случуваат нему или на неговото најблиско опкружување. Сепак, за што и да било да му зборувате на детето принципот е секогаш ист: кажувајте му ја вистината користејќи зборови кои веќе му се познати или зборови кои вие лесно може да ги објасните.

## Двонасочна

Комуникацијата е двонасочна кога и вие ги делите со детето своите секојдневни искуства, а не само барате и очекувате од него да ви зборува за своите. Доколку добиете детален одговор на прашањето како го поминало денот, и детето заслужува да добие од вас детален одговор на своето прашање. Се подразбира дека нема да го оптоварувате со тешки проблеми, туку овозможете му и тоа да биде упатено во вашиот живот.

## Конкретна

Комуникацијата е конкретна кога во вашето изразување сте прецизни и јасни. Постои изрека: „Какво прашање – таков одговор”, и тоа е потполно точно. Кога ќе го прашате детето: „Како беше на училиште?”, се очекува да одговори: „Добро”. Кога ќе го прашате: „Што правевте денес на училиште?”, веројатно ќе одговори: „Ништо”. Меѓутоа, кога сакате да добиете јасен и конкретен одговор, мора да поставите исто така јасно и конкретно прашање. На пример: „Што работевте денес на часот по математика?”.

**Добра комуникација со детето подразбира и вербална и невербална поддршка.**

Во многу фази од развојот на децата вашата меѓусебна комуникација ќе се менува. Ќе постојат и моменти кога детето нема да сака да ви се довери или ќе се повлече „во себе”, без оглед дали само поради збунетост од тоа што му се случува (па му е потребно време тоа да го разбере) или сака да скрие нешто од вас. Во секој случај родителска обврска е секогаш со свои зборови (вербално) или со однесувањето (невербално) да му покажете дека ја има вашата поддршка. Сè додека детето нема да ви се довери, обидувајте се на сите можни начини да го убедите дека не е само и дека може да смета на вас. Посебно во пубертет може да се очекува привремено молчење или повлекување во себе. Исто така, токму ова време родителската поддршка, како вербална така и невербална, е од најголемо значење.

## Лично мислење

Не мора секогаш да се согласувате со некоја постапка или мислење на детето само затоа што сакате тоа и понатаму да ви се доверува. Напротив. Ваша обврска е секогаш да го кажувате своето мислење, т.е. она што вие верувате дека е исправно, но на начин кој не го повредува детето, не го омаловажува и не го потценува. Разговарајте. Вие имате право на свое различно мислење. Објаснете му зошто вашето мислење некогаш се разликува од неговото, но покажете интерес да дознаете зошто неговото мислење е такво какво што е.

## Достапност

Покажете му на детето дека во секој случај имате доволно трпение и време да разговарате. Ако тоа верува дека во своите родители секогаш има соговорник - ќе се чувствува побезбедно и позадоволно. Обидете се да поставите приоритети. Доколку тоа побара од вас да разговарате во моментот кога вршите некоја домашна работа, подобро е да му се посветите на вашето дете. Домашните работи секогаш ќе ве чекаат, но детето нема. Кога ќе помисли дека не може да разговара со вас и дека во вас нема соговорник, тешко дека во иднина ќе се обидува.

## Комуникацијата се учи

Повремени кавги, конфликти, губење на чувството за разбирање кај соговорникот се вообичаени и типични појави во секоја комуникација. Сепак, никогаш немојте да се откажете. Ова знаење ќе ви биде од огромно значење како во формирање добри односи со детето така и со партнерот, пријателите и со колегите на работа.

# Соработка со Факултетот за ликовна уметност

На 15.10.2010 година, корисниците од дневниот центар – ПОРАКА Скопје реализираа заедничка активност со студентите од четврта година при Факултетот за ликовна уметност - отсек вајарство. Оваа активност во себе вклучи изработка на фигури од животинскиот и растителниот свет со користење на глина.





Целта на оваа активност беше социјализација и интеракција на корисниците од дневниот центар со студентите, како и учење за употребата на глината како материјал за изработување на разновидни предмети, фигури и облици. Корисниците од дневниот центар стекнаа познавања за работата со глина и за користењето на разни алатки за нејзино обработување и обликување, со цел добивање на финални производи.

Упатуваме голема благодарност до нашите домаќини за гостопримството, вниманието, почитта и успешно реализираната активност.





*Печатењето на гласилото е поддржано од:*

NED National Endowement for Democracy
Supporting freedom around the world

ISSN 0350-5863